Македонско здружение на млади правници

Kingdom of the Netherlands

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА

Македонско здружение на млади правници (МЗМП), во рамки на проектот **“Зајакнување на професионализмот, компетентноста и интегритетот на младите правници во Македонија”** поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, објавува јавен повик за учество во Програмата за практикантска работа на млади правници, која има за цел континуирана едукација на младите правници и зајакнување на нивните капацитети и способности.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО:
• Завршени три години правни студии (стекнати 180 кредити);
• Интерес во областа на заштита на човековите права;
• Основно познавање на англиски јазик.

Од практиктикантите се бара подготвеност да се обврзат на целосно учество во практикантската работа во времетраење од три месеци во текот на октомври, ноември и декември 2018 година. За учесниците на програмата е предвиден фиксен месечен надоместок. Програмата ќе ги опфати следните градови: Скопје, Битола, Прилеп, Делчево, Струмица, Штип, Куманово и Тетово.

**МЗМП ги повикува сите заинтересирани млади правници (вклучувајќи ги и студентите на постдипломски студии по право) да испратат свое резиме/CV и мотивациско писмо (не подолго од една страна), на електронската адреса ashumkoska@myla.org.mk или на ул. Донбас бр.14 1/6, 1000 Скопје, најдоцна до 14.09.2018 година.**

Кандидатите се замолуваат при аплицирањето задолжително да го наведат градот во кој тие се заинтересирани да ја обавуваат праксата. Програмата се спроведува во соработка со судовите во Република Македонија, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и адвокатски канцеларии. Предвидено е секој учесник да помине три месеци практикантска работа во една институција (изборот на институцијата го определува проектниот тим).

Дополнително, покрај практикантската работа учесниците посетуваат три еднодневни обуки на теми:

1. практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија
2. вештини за барање на работа во правната професија и
3. обука за сензибилизација

Сите избрани кандидати кои што ги исполнуваат условите ќе бидат навремено контактирани.